Националните театарски установи и театрите кои дејствуваат во состав на центрите за култура, во мај нудат богата театарска програма. Ќе бидат прикажани неколку премиерни изведби, како и голем број претстави од домашни автори, квалитетни дела од светската драматургија, а ќе бидат реализирани и два значајни театарски фестивали - Фестивалот на монодрамата во Битола и Драмскиот аматерски фестивал ДАФ во Кочани, но и неколку меѓународни гостувања...



На големата сцена на Народниот театар во Битола на 18 мај ќе биде прикажана претставата „Грета од Фауст“ во режија на Димче Николовски, а деновиве се репризите на најновата претстава, политичкиот трилер „Јулие Цезар“. На 7 мај на репертоарот е

претставата „Без паника“.

Претставата „Крвави свадби“ од Федерико Гарсија Лорка, во режија на Љупчо Ѓорѓиевски, е закажана за 8 и 9 мај, а од 11 до 15 мај сцената на Народниот театар во Битола е резервирана за Фестивалот на монодрамата.

Претставата „Кокошка“ од современиот руски драматург Николај Колјада на репертоарот е на 10 и на 19 мај, додека, пак, делото „Доктор Фауст“ од Кристофер Марлоу, во режија на Андраш Урбан, е на 16 и 17 мај. На сцената на Битолскиот театар на 21 и на 22 мај ќе биде изведена претставата „Дон Жуан“, а на 23 мај претставата „Трагичната љубов на една луда девојка“.

Во втората половина од месецот во Народниот театар во Битола ќе биде одиграна претставата „Бар Ремарк“ (28 и 29 мај), додека, пак, мајскиот репертоар ќе биде заокружен со претставата „Коцкар“.




55
ДРАМСКИ
АМАТЕРСКИ
ФЕСТИВАЛ
28 МАЈ - 2


#ИМПРОВОКАЦИЈА


ПЕТОК, 04.05.18 г.
поч. 20 час. 100 ден.
ИДИОТ
ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ